View metadata, citation and similar papers at core.ac.uk
brought to you by CORE
provided by UGD Academic Repository

Билјана Петревска, Значењето на туризмот во економската активност на Македонија, Зборник на трудови на МИТ Универзитет – Скопје, год.1/бр.1, Скопје 2010, стр.249-258

Билјана Петревска[1]

# ЗНАЧЕЊЕТО НА ТУРИЗМОТ ВО ЕКОНОМСКАТА АКТИВНОСТ НА МАКЕДОНИЈА

**Апстракт**

Трудот прави обид за спроведување сеопфатна анализа на директните економски ефекти на туризмот, со цел да се согледа, и до некаде, да се квантифицира економската корист од туризмот во Македонија. Во таа насока, најнапред е анализиран придонесот на туризмот во вкупната економска активност изразен преку БДП создаден во хотелскиот и ресторантскиот сектор. Потоа, следи анализа на вработените во туризмот и можноста за генерирање нови работни места. Значењето на туризмот во економската активност е заокружено со анализа на платниот биланс, поконкретно на нето приливите од туристички услуги.

*Клучни зборови: туризам, платен биланс, вработеност, БДП, Македонија*

---

[1] м-р Билјана Петревска, докторант на Економски факултет - Скопје

**Abstract**

The paper makes an attempt to undertake comprehensive analysis of direct economic tourism effects, in order to overview and quantify economic benefits from tourism in Macedonia. In this respect, the paper analyses tourism contribution within the entire economy measured by the GDP. Further on, it emphasises the importance of tourism in the economic activity of Macedonia by analysing the tourism influence on the employment, as well as, its effects on the balance of payments.

*Key words: tourism, balance of payments, employment, GDP, Macedonia*

## ВОВЕД

За да може да се согледа и анализира придонесот на туризмот во економската активност на Македонија, потребно е да се располага со соодветни податоци, првенствено за целокупниот туристички сектор на Македонија. Меѓутоа, недостатокот на податоци во голема мерка ограничува во обидот да се спроведе посеопфатна анализа со цел да се согледа, и до некаде, да се квантифицира економската корист од туризмот во Македонија. Во тој обид, појдено е од постоечката класификација за категоризирање и средување податоци, па наместо тие да се однесуваат за пошироката туристичка индустрија (како што впрочем е и случај насекаде), користени се податоци кои се лесно достапни, а се однесуваат првенствено на секторите хотелиерство и ресторани. Оттука, сосема очекувано, поради погоре опишаните ограничувања, прикажаните податоци несомнено го потценуваат вистинското значење на туризмот за македонската економија.

# 1. ПРИДОНЕСОТ НА ТУРИЗМОТ ВО ВКУПНАТА ЕКОНОМСКА АКТИВНОСТ НА МАКЕДОНИЈА

Во анализата на економското значење на туризмот во Македонија, применет е дедуктивниот пристап, т.е. најпрво се поаѓа од придонесот на туризмот во вкупната економска активност, мерена преку БДП. Во табелата подолу прикажано е движењето на БДП создаден во хотелскиот и ресторантскиот сектор во периодот 1997 - 2008 година.

Табела бр. 1

БДП во хотелски и ресторантски сектор (мил. ден. по постојани цени)

| | Хотели и ресторани | Пораст (%) | % од БДП |
|---|---|---|---|
| 1997 | 2 819 | - | 1.5 |
| 1998 | 3 025 | 7.3 | 1.6 |
| 1999 | 3 771 | 24.7 | 1.9 |
| 2000 | 3 345 | -11.3 | 1.6 |
| 2001 | 3 195 | -4.5 | 1.6 |
| 2002 | 3 726 | 16.6 | 1.8 |
| 2003 | 4 085 | 9.6 | 2.0 |
| 2004 | 3 623 | -11.3 | 1.7 |
| 2005 | 3 675 | 1.4 | 1.6 |
| 2006 | 3 951 | 7.5 | 1.7 |
| 2007 | 4 382 | 10.9 | 1.8 |
| 2008[1] | 4 642 | 5.9 | 1.8 |

Извор: Народна Банка на Македонија, *Квартален извештај III/2009*, Скопје, 2009, стр. 2.

Забелешка: Проценет податок.

Се забележува дека во набљудуваниот период, економската активност во овој сектор во основа бележи растеж, којшто сепак е нерамномерен. Така, во три одделни години од примерокот (2000, 2001 и 2004 година) БДП создаден во хотелскиот и ресторантскиот сектор се намалил споредено со претходната година. Сепак, потребно е да се нагласи дека негативните стапки на растеж во овие години делумно се последица на воените конфликти во Македонија и регионот. На пример, големиот пад на туристичката активност во 2000-та, може да се толкува како одраз на војната во Косово, бомбардирањето на Србија и бегалската криза од 1999 година. Ваквиот заклучок го засенува неочекувано високиот пораст на туристичкиот сектор во 1999 година (кога впрочем се случуваа споменатите негативни шокови), кој би можел да се протолкува како последица на воздржувањето на домашното население од патувања во странство, т.е. зголемената домашна туристичка побарувачка. Во продолжение, голем пад на БДП од туризмот е забележан и во 2004 година, што може да биде последица на пораст на интересот за патување во странство, предизвикан од заживувањето на економската активност и подемот на кредитирањето на населението. Во останатите години, туристичкиот сектор во Македонија бележи пораст со различен интензитет.

Набљудувано во целина, туризмот во Македонија остварил просечен годишен растеж од 4.64%, што е повисоко од просечниот годишен растеж на вкупната економска активност (3.12%). Како последица на тоа, во анализираниот период доаѓа до зголемување на учеството на туризмот во создавањето БДП од 1.5% во 1997 година, на 1.8% во 2008 година. И во овој поглед, се забележуваат осцилации во економското значење на туризмот, кој во 2003 година го достигнува максималното учество од 2% во вкупниот БДП. Притоа, во просек, во набљудуваниот период, туризмот генерирал 1.7% од

БДП. Споредено со светскиот просек (3.2% во 2009 година), може да се заклучи дека придонесот на туризмот во Македонија е скромен, меѓутоа овој заклучок се менува доколку се спореди со просекот за Централна и Источна Европа кој изнесува 1.6%.[2]

## 2. ТУРИЗМОТ И ВРАБОТЕНОСТА ВО МАКЕДОНИЈА

Во услови кога во Македонија е регистрирана висока стапка на невработеност од околу 35%, а притоа имајќи предвид дека туристичката индустрија по својата природа е трудоинтензивна, во продолжение се анализирани податоци кои би довеле до заклучок дали развојот на туризмот во Македонија може да придонесе во создавањето нови вработувања, а со тоа да влијае на намалување на невработеноста. Притоа, недостатокот од соодветни статистички податоци, повторно се јавува како ограничувачки фактор. Имено, во отсуство на подетални податоци од кои може да се увиди бројот на вработените во туристичките агенции, туроператорите и другите туристички посредници, анализата се темели единствено на податоците за бројот на вработени во хотелите и ресторантите во Македонија.

Табела бр. 2

Вработени во туризмот

| | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вработ. | 9 998 | 10 403 | 10 070 | 9 982 | 9 880 | 12 672 | 13 558 | 19 034 | 18 995 |
| пораст% | - | 4.1 | -3.2 | -0.9 | -1.0 | 28.2 | 7.0 | 40.4 | -0.2 |
| % од вк. вработ. | 1.8 | 1.9 | 1.7 | 1.8 | 1.8 | 2.4 | 2.5 | 3.3 | 3.2 |

Извор: Државен завод за статистика, *Статистички годишник на Република Македонија*, 2008

[2] WTTC. *Travel&Tourism Economic Impact - Macedonia 2009*, 2009, p. 7.

Од горната табела, како карактеристичен се издвојува податокот кој веднаш се забележува, а се однесува на двојно зголемување на бројот на вработени во хотелскиот и ресторантскиот сектор од почетниот анализиран период, 1999 година, кога изнесува 9 998 вработени, па сé до последниот расположлив податок за 2007 година, кога изнесува 18 995 вработени. Иако на официјалните податоци за вработеноста треба да им се пристапи со голема мерка на резерва (на пример, исклучително високите стапки на пораст на вработените во туризмот во 2004 и 2006 година, се поврзани со промените во системот на евиденција), сепак јасно е дека бројот на вработените во туризмот расте со поголем интензитет од вкупната вработеност. Така, бројот на вкупно вработените пораснал од 545 222 во 1999 година на 590 234 во 2007 година, односно за само 8% во анализираниот период. Како последица на поинтензивниот растеж, учеството на туристичките работници во вкупниот број вработени се зголемило од 1.8% во 1999 година, на 3.2% во 2007 година. Иако овој податок може да изгледа скромен, сепак треба да се истакне дека, споредено со окружувањето, туристичкиот сектор во Македонија дава поголем придонес во вкупната вработеност. Така, учеството на туристичките работници во вкупниот број вработени во Македонија е повеќе од двојно повисоко во однос на соодветниот показател во земјите од Централна и Источна Европа (1.4% во 2009 година).[3]

Од една страна, динамиката на вработеноста во туризмот е одраз на порастот на туристичката активност (мерена преку БДП создаден во туризмот). Но, од друга страна, фактот дека порастот на учеството на вработените во туризмот во вкупниот број вработени го надминува порастот на учеството на туристичкиот БДП во вкупниот БДП, го одразува трудоинтензивниот карактер на туризмот. Тоа потврдува дека навистина

[3] Ibid, p. 7.

развојот на туризмот во Македонија може да иницира поинтензивно создавање нови работни места, а со тоа да придонесе во намалувањето на невработеноста. Така, според спроведените десетгодишни предвидувања на Светскиот патувачки и туристички совет (World Travel and Tourism Council), се очекува во Македонија бројката на вработени во туристичката индустрија да се движи во нагорна линија и во 2019 година да достигне до 40 000 работни места, што би претставувало 6.2% од вкупното работоспособно население, односно 1 работно место во туризмот на секои 16.1 работни места.[4]

Како што споменавме, официјалната статистика за вработените во туризмот треба да се толкува внимателно, бидејќи таа не ги опфаќа вработените кои не се регистрирани. Иако овој проблем подеднакво се однесува и на вкупната вработеност, може да се претпостави дека тој е поизразен во туризмот, поради две причини: прво, голем дел од вработените во туризмот се сезонски работници и второ, за туризмот е карактеристично присуството на ниско квалификувана работна сила (која обично доминира во сивата економија). Така, од Хотелската асоцијација на Македонија (ХОТАМ) проценуваат дека вкупниот број вработени во хотелите и ресторантите е многу поголем од официјалната статистика и изнесува околу 50 000. Според нив, не се вклучени нерегистрираните вработувања, и тоа, околу 15 000 нерегистрирани работници со полно работно време и 15 000 нерегистрирани работници кои се ангажираат на повик.

Кога сме веќе кај бројот на вработените во туризмот во Македонија, се издвојува уште еден интересен момент, кој се однесува на половата структура на вработените. Имено, за разлика од светската практика каде доминира

[4] Ibid, p. 11.

женско население во сферата на туризмот, во Македонија околу 70% од вработените во туризмот се мажи.

## 3. ПЛАТНОБИЛАНСНИТЕ ЕФЕКТИ НА ТУРИЗМОТ ВО МАКЕДОНИЈА

Значењето на туризмот во економската активност на Македонија, може да се согледа и преку анализа на платниот биланс, поконкретно на нето приливите од туристички услуги во периодот од 2000 - 2009 година.

Табела бр. 3

Платен биланс на Македонија - услуги од туризам (во мил. евра)

| | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009[1] |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Прилив | 41.2 | 29.0 | 41.4 | 49.9 | 57.9 | 72.3 | 102.4 | 134.9 | 155.2 | 120.4 |
| Одлив | 37.2 | 43.0 | 47.2 | 42.3 | 43.9 | 49.9 | 56.2 | 73.9 | 92.4 | 56.9 |
| Нето | 4.0 | -14.0 | -5.8 | 7.6 | 14.0 | 22.4 | 46.3 | 61.0 | 62.7 | 63.6 |

Извор: Народна Банка на Македонија, различни публикации.
Забелешка: Податокот се однесува само за три квартали.

Од табелата, се забележува дека приливите од туризам постојано се зголемуваат (со исклучок на 2001 година, поради веќе посочените причини) и добиваат на значење дури од 2006 година, кога го надминуваат износот од 100 милиони евра. Со цел да се добие целосна слика за обемот на приливите од туризмот, треба да се истакне дека во 2009 година, тие изнесуваат 26% од вкупниот прилив од услуги и 8% од извозот на стоки.

Истовремено, во оваа година, приливите од туризам се за 20% поголеми од приливот на странските директни инвестиции во Македонија. Во рамките на услугите, приливите од туризам се втората најголема ставка (нешто помали од приливите од транспортни услуги), која е 1.3 пати

поголема од приливите од деловни услуги и 2.4 пати поголеми од приливите од комуникациони услуги. Доколку пак се смета на нето-основа, приливите од туризам се убедливо најзначајната ставка во подбилансот на услугите. Иако во последните години приливите од туризам се за 3-4 пати поголеми споредено со почетните години од анализираниот период, сепак, значењето на туризмот во платниот биланс на Македонија се намалува поради истовремениот пораст на одливите од туризам. Така, во периодот 2000 - 2008 година, одливите врз основа на туристички услуги се зголемиле за 2.5 пати. Всушност, табелата говори дека во првата половина од 2000-те, приливите од туризам се речиси идентични со одливите, такашто нето девизниот ефект од туризмот е скромен. Дури во последните години, може да се зборува за позначаен нето девизен ефект од туризмот, како последица на поизразените приливи од странски туристи. Сепак, треба да се истакне дека нето приливите од 60-тина милиони евра годишно се скромни, во споредба со девизните приливи кои ги остваруваат земјите од окружувањето.

Табела бр. 4

Нето приливи од туризам во избрани земји, во 2008 година

| Земја | мил. евра | % од БДП |
|---|---|---|
| Бугарија | 900 | 2.6 |
| Грција | 9 000 | 3.8 |
| Унгарија | 1 400 | 1.3 |
| Словенија | 1 000 | 2.7 |
| Хрватска | 6 700 | 14.3 |
| Србија[1] | -128 | -0.4 |
| Македонија | 63 | 1.0 |

Извор: Сопствени пресметки врз основа на www.ec.europa.eu/eurostat, www.nbrm.gov.mk, www.nbs.rs и www.hnb.hr

Забелешка: Податоците за Србија се однесуваат за 2007 година.

Како што покажува погорната табела, нето приливот од туризам во Македонија изнесува само 1% од БДП што е далеку пониско дури и од земјите кои не се познати како водечки туристички дестинации, како Бугарија и Словенија. Истовремено, таквата состојба укажува дека во наредниот период постои голем потенцијал за зголемување на ефектите од туризмот во економската активност на Македонија.

Претходната анализа се однесува само на директните ефекти на туризмот, т.е, не се опфатени индиректните, мултипликативни ефекти кои произлегуваат од туристичката потрошувачка. Во овој контекст, забележуваме дека до сега, во Македонија не се спроведени конкретни истражувања и анализи за да се утврди вредноста на мултипликативниот ефект од туризмот. Меѓутоа, имајќи ја предвид слабата меѓусекторска поврзаност и трговскиот дефицит, не се очекува мултипликативниот ефект од туризмот во Македонија да биде многу висок.

## ЗАКЛУЧОК

Од претходните анализи, а имајќи ги предвид туристичките тенденции во Централна и Источна Европа, произлегува дека придонесот на туризмот во економијата на Македонија е значаен, првенствено изразен преку учеството во создавањето на БДП (1.8%) и особено во генерирањето нови работни места (3.2%). Меѓутоа, компаративната анализа покажа дека сеуште постои простор за унапредување на девизниот прилив од туризмот (само 1%), што бара преземање мерки и активности за привлекување поголем број странски туристи.

Последователно, со цел да се согледа целокупниот придонес на туризмот во економијата на Македонија, неопходно е во рамки на Системот

на национални сметки да се изработи Туристичка сателитска сметка. На тој начин, од една страна би се добила прецизна слика за директните и индиректните ефекти од туризмот, а од друга страна, би се овозможило меѓународна споредливост на постигнувањата од туризмот. Поради многубројните потешкотии и ограничувања во поглед на обезбедувањето сеопфатни и проверени статистички податоци, особено на ниво на туристичката индустрија, реалното оценување на влијанието на туризмот врз економијата на Македонија е многу отежнато и речиси неостварливо.

## ЛИТЕРАТУРА


1. Државен завод за статистика, *Статистички годишник на Република Македонија*, 2008.
2. Државен завод за статистика, *Статистички преглед: транспорт, туризам и други услуги: Туризам во Република Македонија 2004-2008*, 2009.
3. Народна Банка на Македонија, *Квартален извештај III/2009*, Скопје, 2009.
4. WTTC. *Travel&Tourism Economic Impact - Macedonia 2009*, 2009.
5. WTTC. *Travel&Tourism Economic Impact, Executive Summary*, 2009.
6. WTTC/WEFA. *Travel&Tourism Satellite Accounting Development Program - An Integrated Econometric System for Measuring and Forecating Travel&Tourism's Contribution to National Economies*, London, 2007.